# ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

# СОДРЖИНА


1. Вовед
1.2. Основни општи податоци за Општина Валандово
1.2 Буџет и Одлука за извршување на Буџетот

2. Годишна сметка
2.1 Приходи на Општина Валандово
2.2 Расходи на Општина Валандово

3. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите

4. Извештај за користење на постојаната и тековната резерва

5. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на Годишната сметка

# 1. Вовед

## 1.1. Основни општи податоци за Општина Валандово

Според податоците од последниот попис во Општина Валандово живеат 10.590 жители, од кои претежно македонци, а живеат и турци, срби и роми.

Општината се простира на површина од 331 км$^2$ и опфаќа 16 населени места.

Од Буџетот на Општината во втората фаза од децентрализацијата со средства од блок дотациите се финансира работата на пет (5) Буџетски корисници и тоа :

1. ООУ „ Јосип Броз Тито„ Валандово
2. ООУ „ Страшо Пинџур„ с. Јосифово
3. СОУ „ Гоце Делчев„ Валандово
4. ЈОУ Детска градинка „Калинка„ Валандово
5. ЈОУ Дом на културата „25-ти Мај„ Валандово.

## 1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџет

Буџетот на Општина Валандово за 2022 година е донесен на седница на Советот на Општина Валандово на 30.12.2021 година. На истата седница е донесена и Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година.

Во текот на 2022 година од страна на Советот на Општина Валандово, донесена е една Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година – Ребаланс на 26.08.2022 година.

Ребалансот е донесен поради зголемување на рамката на Основниот Буџет согласно законските процедури и Буџетот на дотации на Општина Валандово, со кој пренесените салда од предходните години се буџетирани и распоредени по сметки, како и усогласување на висината на дотациите според инструкциите и насоките добиени од Министерството за финансии.

.

# 2. Годишна сметка

## 2.1 Приходи на Општината

Буџетот на Општина Валандово за 2022 година се состои од :

- Основен Буџет
- Буџет на дотации
- Буџет на самофинансирачки активности
- Буџет на донации
- Буџет на кредити

**Табеларен преглед на планирани и реализирани приходи**

| Сметки | Планирано | Реализирано | % |
|---|---|---|---|
| Основен Буџет | 88.854.303 | 70.557.771 | 79,41 |
| Дотации | 148.578.117 | 137.703.397 | 92,69 |
| Самофинансирачки активности | 8.839.000 | 5.219.566 | 59,05 |
| Донации | 14.071.000 | 6.339.461 | 45,05 |
| Кредити | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **260.342.420** | **219.820.195** | **84,44** |

а) Табеларен преглед на учеството на на реализираните приходи по сметки во вкупно реализираните приходи во Буџетот на Општина Валандово

| Сметки | Реализирани приходи | % |
|---|---|---|
| Основен Буџет | 70.557.771 | 32,11 |
| Дотации | 137.703.397 | 62,64 |
| Самофинансирачки активности | 5.219.566 | 2,37 |
| Донации | 6.339.461 | 2,88 |
| Кредити | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **219.820.195** | **100** |

**На сметката на Основниот Буџет на Општина Валандово планирани и реализирани се следните приходи :**

| ПРИХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **71 Даночни приходи** | **25.041.000** | **26.485.346** | **105,77** |
| 711 Данок на доход од добивка | 2.000.000 | 2.430.801 | 121,54 |
| 713 Даноци на имот | 8.700.000 | 9.119.468 | 104,82 |
| 717Даноци на специфични услуги | 13.050.000 | 14.935.077 | 114,45 |
| 718 Такси за користење и дозволи за вршење на дејност | 1.291.000 | 0 | 0,0 |
| **72 Неданочни приходи** | **2.600.000** | **6.205.703** | **238,68** |
| 722 Такси и надоместоци | 300.000 | 253.507 | 84,50 |
| 723 Административни такси и надоместоци | 400.000 | 284.330 | 71,08 |
| 725 Други неданочни приходи | 1.900.000 | 5.667.866 | 298,31 |
| **73 Капитални приходи** | **28.600.000** | **4.837.987** | **16,92** |
| 731 Продажба на капитални средства | 18.450.000 | 0 | 0,0 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 10.150.000 | 4.837.987 | 47,66 |
| **74 Трансфери и донации** | **32.613.303** | **33.028.735** | **101,27** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власта | 32.613.303 | 33.028.735 | 88,55 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **88.854.303** | **70.557.771** | **79,41** |

Од приложеното произлегува дека Вкупните приходи се реално планирани со реализација од 79,41%.

Во вкупно реализираните приходи, неданочните приходи учествуваат со најголем процент и тој изнесува 238,68%, потоа даночните Приходи со 105,77%, трансферите и донациите со 101,27% и капиталните приходи со 16,92%.

Најголемото отстапување имаме во даночните приходи кои се поголеми од планираните а тоа се должи на интензивната даночна политика за наплаќање на побарувањата што ја води Општина Валандово.

## 2.2. Расходи на Општината

Расходната страна на Буџетот на Општина Валандово, планирана е согласно законските прописи, програмското планирање како и потребите на Општина Валандово.

**Табеларен преглед на планираните и реализираните расходи по сметка**

| Сметки | Планирано | Реализирано | % |
|---|---|---|---|
| Основен Буџет | 88.854.303 | 70.557.771 | 80,25 |
| Дотации | 148.578.117 | 137.703.467 | 91,50 |
| Самофинансирачки активности | 8.839.000 | 5.219.566 | 59,05 |
| Донации | 14.071.000 | 6.339.461 | 45,05 |
| Кредити | 0 | 0 | |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **260.342.420** | **219.820.195** | **84,44** |

**а) Табеларен преглед на учество извршените расходи по сметки по вкупните расходи во Буџетот на Општина Валандово**

| Сметки | Реализирани расходи | % |
|---|---|---|
| Основен Буџет | 70.557.771 | 32,11 |
| Дотации | 137.703.397 | 62,64 |
| Самофинансирачки активности | 5.219.566 | 2,37 |
| Донации | 6.339.461 | 2,88 |
| Кредити | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **219.820.195** | **100** |

## Табеларен преглед на планираните и реализираните расходи во Основен Буџет

| РАСХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **40 Плати, наемнини и надоместоци** | **18.351.000** | **16.257.234** | **88,59** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 10.716.000 | 9.405.705 | 87,77 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 4.049.000 | 3.554.379 | 87,78 |
| 404 Надоместоци | 3.586.000 | 3.297.150 | 91,95 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **670.000** | **513.954** | **76,71** |
| 412 Постојани резерви | 150.000 | 60000 | 40,0 |
| 413 Тековни резерви | 520.000 | 453.954 | 87,30 |
| **42 Стоки и услуги** | **34.395.000** | **26.169.347** | **76,10** |
| 420 патни и дневни расходи | 550.000 | 467.043 | 84,92 |
| 421комунални услуги, греење комуникации и транспорт | 12.475.000 | 10.311.251 | 82,65 |
| 423 ситен инвентар и резервни материјали за поправка | 2.100.000 | 1.124.610 | 53,55 |
| 424 поправки и тековни оддржувања | 7.387.000 | 4.081.873 | 55,26 |
| 425 договорни услуги | 5.488.000 | 4.421.221 | 80,56 |
| 426 други тековни расходи | 720.000 | 443.415 | 61,59 |
| 427 привремени вработувања | 5.675.000 | 5.319.934 | 93,74 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **13.105.000** | **11.355.399** | **86,65** |
| 461 субвенции за јавни претпријатија | 200.000 | 165.000 | 82,50 |
| 463 трансфери за невладини организации | 1.570.000 | 1.166.966 | 74,33 |
| 464 разни трансфери | 11.335.000 | 10.023.433 | 88,43 |
| **47 Социјални бенифиции** | **800.000** | **657.789** | **82,22** |
| 471 Социјални надоместоци | 800.000 | 657.789 | 82,22 |
| **48 Капитални расходи** | **21.533.303** | **15.604.048** | **72,46** |
| 480 Купување на опрема и машини | 50.000 | 15.720 | 31,44 |
| 482 Други градежни објекти | 21.383.303 | 15.588.328 | 72,90 |
| 485 Други недефинирани средства | 100.000 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | **88.854.303** | **70.557.771** | **79,41** |

Во вкупно реализираните расходи во Основниот Буџет, капиталните расходи учествуваат со 22,12%, расходи за стоки и услуги со 37,09%, расходи плати и надоместоци со 23,04%, субвенции и трансфери со 16,09%, социјални бенифиции со 0,93% и резерви и недифинирани расходи со 0,73%.

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Валандово на 31.12.2022 година изнесува 10.877.424 денари и претставува прилив во Буџетот на Општина Валандово за 2023 година.

На крајот на буџетската година салдото на сметките на Буџетот изнесува:

- Салдото на сметката на Основниот буџет изнесува 2.493.519 денари и се пренесува како прилив на Основниот Буџет за 2023 година.
- Салдото на Сметката на Дотации изнесува 5.825.616 денари и се пренесува како прилив во Буџетот на Дотации за 2023 година.
- Салдото на Сметката на Самофинансирачки активности изнесува 379.054 денари и се пренесува како прилив во Буџетот на Самофинансирачки активности за 2023 година.
- Салдото на Сметката на Донации изнесува 2.179.235 денари и се пренесува како прилив во Буџетот на Донации за 2023 година.
- Салдото на Сметката на кредити изнесува 0 денари .

## 3. Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите

Во рамките на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година реализирани се следниве инвестициони програми :

1. Во Програмата ЈД – Изградба и реконструкција на локални улици и патишта . реализирани се средства во износ од **14.106.230 денари** :
   - **2.111.137 денари** – изградба на улица Јосиф Јосифовски во с. Јосифово,
   - **1.425.014 денари** – изградба на пат за поврзување на регионален пат Р - 1105 со населено место Горна Маала по Проект поддржан од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделието и руралниот развој,
   - **3.695.250 денари -** изградба на улица Крушевска во град Валандово,
   - **5.274.829 денари** – изградба на улица Цветан Димов во с. Пирава и изградба на две улици во с. Дедели,
   - **1.000.000 денари** – санација на улица Лазар Колишевски во град Валандово.
   - **600.000 денари** – трансфер по Одлука од Совет на Општина Валандово на ЈП Комунален сервис Валандово за решавање на водоводната инфраструктура која влегува во трупот на улицата во изградба “ Моша Пијаде” во с. Јосифово.

2. Во Програма ЈЛ- Други комунални услуги реализирани се средства во износ **660.800 денари :**
   - Трансфер по Одлука од Совет на Општина Валандово на ЈП Комунален сервис Валандово за дислокација и изведба на главен цевковод на водоводната линија во градот Валандово.

3. Во Програма Ј6 – Одржување и заштита на локални улици и патишта, реализирани се средства во износ од **133.860 денари** за поставување на вертикална сигнализација.

4. Во Програма ФА - Уредување на градежно земјиште има реализација во износ од **494.412 денари за**
   - Уредување на простор за изградба на инклузивно игралиште за деца во град Валандово.

5. Во Програма Ф1 – Урбанистичко планирање, реализирани се средства во износ од **492.301 денари** за делот кој го сервисира Општина Валандово за изработка на урбанистички планови за населени места Калково и Раброво.

За исплата на платите на вработените и трошоците за тековно работење , во програмите

- Н1 – Основно Образование
- Н2 - Средно Образование
- В1 – Детски Градинки
- К1, К2 и К3 – Култура
- ЊО - ППЗ

потрошени се средства од блок дотации во износ од 137.703.397 денари.

## 4. Извештај за користење на финансиските средства од постојаните тековните резерви

Средствата планирани во Буџетот за постојаната и тековната резерва во износ од 670.000 денари во 2022 година се искористени во износ од 513.954 денари.

## 5.Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка

Одговорниот сметководител потврдува дека Годишната сметка за 2022 година е изготвена во согласност со важечките законски прописи на државата и сите податоци искажани во Годишната сметка се веродостојни и точни.